ХЕРА - Асоцијација за здравствена едукација и истражување

Франклин Рузвелт 51а/26,
1000 Скопје, Македонија

тел. +38923290395
факс. 02/ 2556002

# Политика за приватност

## Поими

„ХЕРА – Асоцијација за здравствена едукација и истражување“ е граѓанска организација со седиште во Скопје.

Корисник, во смисла на оваа политика за приватност, е физичко лице што користи некоја услуга на ХЕРА.

## Вовед

Приватноста на корисниците на услуги е од исклучителна важност за ХЕРА. Оваа изјава ја утврдува политиката за приватност и личните податоци што ХЕРА ги собира од корисниците на бесплатната услуга за самотестирање за ХИВ што доброволно ги споделувате со нас при пополнување на прашалникот за нарачка преку интернет на брз ХИВ-тест што се изведува во домашни услови.

ХЕРА во обработката на личните податоци се раководи според одредбите од Законот за заштита на личните податоци.

## Кои лични податоци ги собираме и за која цел?

Заради остварување краткорочна комуникација со Вас - првенствено за да Ве информираме дали ги исполнувате критериумите за нарачка на ХИВ-тест за домашна употреба и, подоцна, за да Ви испратиме линк до вториот прашалник што треба да го пополните откако ќе го направите тестот, а се однесува на Вашиот резултат од тестот и задоволството од услугата - потребно е да внесете е-пошта која може да биде Вашата постојна е-пошта што веќе ја користите или е-пошта што ќе ја креирате само за оваа намена.

Доколку изберете ХИВ-тестот да Ви го испорачаме преку брза пошта, потребно е да наведете име, адреса за достава и телефонски број за контакт. Не мора да го наведувате Вашето вистинско име, може да користите и псевдоним. Овие лични податоци ќе бидат консултирани од нас и од страна на брзата пошта за да може

ХЕРА - Асоцијација за здравствена едукација и истражување

Франклин Рузвелт 51а/26, 1000 Скопје, Македонија

тел. +38923290395
факс. 02/ 2556002

куририот да Ве контактира за да Ви го предаде пакетот. Ниту компанијата за поштенски услуги ниту нејзините вработени немаат увид во содржината на пакетот.

Доколку изберете ХИВ-тестот да го подигнете од младинскиот центар на ХЕРА „Сакам да знам“ - Водно во Скопје, тогаш нема потреба да наведувате име, адреса за достава и телефонски број за контакт.

Горенаведените лични податоци ги уништуваме веднаш по завршувањето на комуникацијата со Вас, односно по пополнувањето на вториот прашалник од Ваша страна откако ќе го направите тестот.

Останатите информации за Вас што ги внесувате во прашалниците ќе бидат искористени исклучиво за потребите на студијата во чии рамки е овозможена оваа бесплатна услуга и за унапредување на услугата во иднина, на начин што нема да се поврзуваат со лични податоци кои би можеле да го откријат идентитетот на корисникот. Резултатите од студијата ќе бидат споделени со Меѓународната федерација за планирано родителство (на англиски: International Planned Parenthood Federation - IPPF), која се јавува како донатор т.е. финансиер на студијата што ја спроведува ХЕРА.

Вашиот резултат од ХИВ-тестот, односно Вашиот ХИВ-статус, нема да биде споделен со други страни.

## Кои права ги имате над Вашите податоци?

Имате право да побарате од страна на ХЕРА пристап, исправка или бришење на личните податоци или ограничување на обработката на личните податоци кои се однесуваат на Вас, или право на приговор за обработката, како и право на преносливост на податоците. Исто така, имате право да побарате повлекување на согласноста во секое време.

Ако сметате дека начинот на кој ХЕРА ги обработува Вашите лични податоци ги повредува одредбите на Законот за заштита на личните податоци, Ве молиме контактирајте нè за да нè информирате за тоа или, пак, можете да поднесете поплака до Агенцијата за заштита на личните податоци како надзорно тело.

ХЕРА - Асоцијација за здравствена едукација и истражување

Франклин Рузвелт 51а/26,
1000 Скопје, Македонија

тел. +38923290395
факс. 02/ 2556002

Информации за контакт со нас

ХЕРА – Асоцијација за здравствена едукација и истражување

Адреса: ул. „Франклин Рузвелт“ бр. 51А/26, 1000 Скопје, Северна Македонија

Телефон: +389 (0)2 3290 395

Факс: +389 (0)2 2556 002

Е-пошта: hera@hera.org.mk (за генерална комуникација)
hivtest@hera.org.mk (за тестирање за ХИВ)